*М. Пандевски*

# ОСВРТ НА МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Најраните позабележителни манифестации на национално-ослободителното движење на македонскиот народ паѓаат во првите три-четири децении на минатиот век кога, врз база на словенската писмена традиција, која била одгледувана во манастирските и ќелијните училишта, се појавуваат првите печатени книги пишувани на македонски народен јазик со примеси од црковно-словенската лексика. Тоа биле религиозно-дидактичките состави на Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и други, печатени во Будим, Белград, а подоцна и во печатницата на Хаџи Теодосија Синаитски во Солун.

Она што останало трајно во значењето на оваа најрана македонска книжевност и не биле некаквите високи квалитети на самите трудови, туку фактот што со овој чин словенската кирилска азбука била пренесена од манастирските ќелии во печатниците, и тоа дури и во Солун. Значаен бил и фактот што со овој чин македонските народни говори направиле прв, иако почетнички, чекор кон своето подоцнешно книжевно оформување. Од овде натаму словенското писмо и македонскиот збор ќе ги заменуваат и сè повеќе ќе ги потиснуваат грчката азбука и грчкиот јазик од Македонија. Во овој најран период од македонската преродба, до кон 50-тите години на XIX век неосновано би било да се бара некаква јасно искристализирана македонска национална свест, дури и кај пионерите на нашето културно национално движење. Тоа пак не значи дека македонскиот етнос не постоел и сам посебе, како претпоставка, во чии пазуви токму и започнува неговото оформување во посебна јужно-словенска национална единица на Балканот. Но процесот на издвојување од општата христијанска маса и тоа на една поширока, словенска база веќе почнал во ова време и тој ќе продолжи низ идните децении. Диференцирањето и разграничувањето на она што било словенско од грчкото во Македонија бил најраниот белег и основната карактеристика на македонското преродбенско движење и до средината на минатиот век, пак и подоцна.

Освен на книжевно поле македонската преродба се изразувала и низ ширењето на световната просвета, на местото на дотогашната црквена. Во повеќе македонски градови биле отворени нови, современи училишта, со световни наставни предмети; граѓанството се грижело за изнаоѓање подготвени учители (домашни луѓе, од Србија, а подоцна и од Бугарија) учебници и друго. Отпрвин и учебниците биле донесувани од овие две соседни словенски земји.

Која општествена класа била носител на ова најрано културно-просветно движење на македонскиот народ? Тоа било македонското граѓанство, кое, како општествена средина, токму и започнало да се формира кон крајот на XXIII век. Низа погодни околности — како: навлегувањето и развитокот на капиталистичкото производство, вклучувањето на домашното производство и потрошувачката во меѓународ-

ната размена, масовното доселување на македонскиот селски елемент во градовите каде што се зафаќал со занаетчиство и трговија, нараснатите потреби на модернизираната турска армија, потоа познатите реформи во државата и сл. — направиле во Турција, пак и во Македонија, како нејзин составен дел да се формира и постојано да нараснува македонското граѓанство. Занаетчиството и трговијата биле оние стопански гранки во кои навлегол македонскиот елемент и тие ќе ја формираат и новата македонска општествена класа. Домашната интелигенција, пак, како придружен слој на граѓанството, иако школувана надвор (главно во Атина и Русија), била најнепосредниот носител на преродбенското движење.

Едновремено со тоа македонското граѓанство со веќе пробудена национална свест, како најзначаен носител на стопанската активност, се судрило во сопствената татковина со грчко-влашкиот трговски слој, кој дотогаш ги држел клучните позиции и во стопанството и во општествените сфери, главно во градските црквено-школски општини. Изострената конкурентска борба на пазарот постепено земала национална обоеност и се изразувала како стремеж за преземање на општествените позиции од рацете на грчко-влашката буржоазија, која дошла во ситуација на дефанзива и отстранување. Процесот на преземање на управите во градските општини, кои во турски услови претставувале единствени самоуправни заедници, за најголемиот дел од македонските градови особено во Северна и Средна Македонија завршил докај 70-те години на XIX век доста успешно за македонската страна. Сепак, грчко-влашкиот трговски слој имајќи ја на своја страна повисоката грчка културна традиција, грчката држава и посебно Цариградската патријаршија, а најчесто и турскиот државен апарат, ќе направат неговата улога и значење жилаво да се одржуваат и лесно да не отстапуваат. Поради тоа тежиштето на борбата со текот на времето, ќе се пренесува од теренот на општините и отворање на свои училишта кон борба за свои домородни владици, иако во крилото на Патријаршијата, и кон извојување на сопствена црквена организација која да ја елиминира грчката Патријаршија. Македонците за ваква црквена организација барале да се обнови Охридската автокефална архиепископија. Иако во антипатријаршиското движење, на чие чело се нашол еден тесен круг учители, предводен од Димитар Миладинов, биле вовлечени, освен градските занаетчиски, и значителен дел од селските маси, поради бездушната експлоатација на црквениот клер успешното докрајчување на ова движење не било во силите на македонското граѓанство.

Македонското граѓанство било доста незакрепнато и значително заостанувало и по број и по економско-општествено значење зад буржоазиите на соседните народи — грчката, бугарската и српската. Последните, пак, паралелно со својот подем во сопствените земји, започнале да се борат и за зацврстување, одбрана, или проширување на сопственото влијание и позиции во Македонија, имајќи ја предвид крајната цел — територијалното проширување во Македонија, на сметка на Турската империја.

Плановите за проширување на српската држава, иако доста рано пројавени („Начертание" на Гарашанин) долго време останале неактуелни за српската надворешна политика, која во таа насока ќе се активизира дури по 60-тите години, а особено по Берлинскиот конгрес од 1878 година.

Дамнешни биле претензиите за проширување во Македонија и на грчките владеачки сили, но грцизмот, иако постепено но постојано, во текот на сето време на турското господство во Македонија, отстапувале и се повлекувал кон грчките етнички граници на југ. Впрочем, и самите државни граници на Србија и Грција со Турција доста им пречеле на стремежите на нивните буржоазии. Грчката страна притоа ја имала на своја страна Патријаршијата, но нејзината слабост била што немала ништо заедничко со словенството, а српската буржоазија ја немала ни Патријаршијата, како помошен фактор.

Во објективно најповолна ситуација се нашла младата и експанзивна бугарска буржоазија и тоа гледано од повеќе аспекти. Прво, таа била далеку поразвиена и посилна отколку македонската. Посебно важно било тоа што бугарската буржоазија и интелигенција формирале свој центар во самиот Цариград од каде имале можност за контакти со Портата, со Патријаршијата и со дипломатите на големите сили, посебно на Русија. Тоа им овозможувало успешно следење на сите движења и настани во и околу Турција. Македонските колонисти, сместени во и околу Цариград биле градинари, ситни печалбари, работници и сл. (Македонскиот народ бил уште далеку од етничкото завладување на Солун, па според тоа, и без позначаен свој раководен центар).

Понатаму, бугарската буржоазија имала свои претставници, како чиновници, во највисоките турски државни установи, како и епископи (владици) на патријаршиска служба. Сите тие можеле да го понесат и успешно довршат движењето за еманципација од грачката Патријаршија. Таа издавала свој печат во турската престолнина, формирала културни центри и во Турција и вон од неа (Романија, Русија) и, воопшто, претставувала фактор достоен за респектирање.

Второ, бугарскиот и македонскиот народ долго не ги разделувала државна граница, и можностите за влијание од посилната, бугарска, врз послабата, македонска, буржоазија биле далеку поповолни. Освен тоа, доста долго време двете буржоазии не се судриле директно во економската конкуренција, зашто бугарската трговија била свртена главно кон Цариград и на југ од него, како и кон Средна и Западна Европа или Јужна Русија. Македонија, пак, својот контакт со светот го остварувала преку солунското пристаниште, иако и таа тргувала со низа средноевропски земји и градови. Бугарската и македонската буржоазија не се судриле долго време и на теренот во Македонија, бидејќи не доаѓале во допир овде како што тоа било случај меѓу македонската и грчко-влашката. Судрувањето меѓу бугарскиот книжарски магнат Христо Г. Данов и Кузман Шапкарев, како автор на македонски учебници, и други слични поситни инциденти, битно не ја менувале оваа ситуација Воопшто речено, македонското подрачје во Турција, поради својата посебна географска положба, стопанските текови, па-

тишта и сл. се оформувало во посебна заокружена целина издвоена од бугарското и, ако се исклучат јужнобугарските, тракиски центри како Пловдив, Самоков и некои други, стопански врски меѓу двете турски провинции скоро и немало.

Најважната врска меѓу двата народа се остварувала низ блискоста на двата јазика и низ заедничката антипатријаршиска борба, низ движењето за еманципација од грцизмот. И само во него и низ него, а не и низ револуционерното противтурско ослободително движење на едниот и другиот народ. Притоа, движењето за издвојување од Патријаршијата покажувало далеку поголема сила кај бугарскиот, отколку кај македонскиот народ. И, влегувајќи во таа заедничка борба во еден неформалеќ, но природен сојуз што се наметнувал од фактот дека и противникот бил заеднички, знатен дел од македонското Граѓанство, поради својата релативна слабост допуштало раководните пазиции да ѝ припаднат на бугарската Цариградска колонија, која и го направи првиот позначаен пробив на бугарштината во Македонија. Дел од македонското граѓанство му се спротивставил на овој пробив, но поголемиот негов дел тргнал по линијата на приспособување и помирување со овој факт, која линија и подоцна постојано ќе го следи нашето ослободително движење. (Впрочем, делови од македонското граѓанство се поврзале и со српската, односно грчката пропаганда во Македонија).

Сепак, бугарското културно-политичко влијание, кое подоцна прераснало во една систематски спроведувана национална пропаганда, се движело по површината, не успевајќи да ги зафати и широките народни низини односно масата од македонскиот народ. Дури и подоцна, кога низ бугарските егзархиски средни училишта била создадена значителна по број интелигенција од македонска средина, најголемиот дел од неа не се откинал од народната средина и не станал слеп следбеник на таа пропаганда, туку, напротив повел борба против неа.

Но, веќе кон средината и особено во 60-тите години на минатиот век, додека сеуште словенската илузија не била изживена кај дел од македонската интелигенција, што на македонски терен навлегувала главно под бугарското национално име, се појавиле и првите никулци на поопределено македонско национално чувство кое се изразило во сознанието за потребата од изградбата на самостоен македонски литературен јазик и за зачувување на македонското национално име. И јазикот и името, кое веќе некаде по XVI век завлегло во свеста на македонсскиот човек, не ќе можат да бидат никогаш потполно изместени од туѓите национални јазици и имиња, пак ни од бугарските.

Најраниот протест против проширувањето на бугарскиот литературен јазик во Македонија, што уследил поради тоа што тој бил неразбирлив за македонските ученици и луѓе, колку што ѝ е засега познато на историската наука, бил изразен од учителот Никола Поп Филипов, родум од Банско (денес во Пиринска Македонија). Во 1848 година во едно писмо до познатиот руски дипломат и бугарски општественик Најден Геров тој протестирал дека македонските говори не нашле, место во бугарскиот литературен јазик, та последниот во македонските училишта бил неразбирлив. Дваесет години подоцна, истиот Поп Фи-

пов — Македонец (самиот тој така се потпишал) во една дописка до цариградскиот весник „Македонија" меѓу другото пишува: „Учебните книги, които се са превождали на Блгарски нарицаем, (балканскии) јазик, досега малко нешто са били по вразумителни нам на македонците от онија на Ц'рковно славјанскии јазик: затоа и полза сосем малко сме придобили от них". За црковно-словенскиот јазик пак вели дека на Македонците им бил толку разбирлив „колкото и елинскија".

И токму потребата од учебници на свој јазик, што прв ни ја открива за своето време образованиот даскал Поп Филипов, ќе направи кон средината на XIX век (од 1857 до 1880 г.) да се отпечатат 15-тина учебници пишувани на македонски јазик и употребувани во училиштата или од народот за самообразование. Нивни автори биле македонските преродбеници Партенија Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар В. Македонски и Ѓорѓи Пулески. Појавата на овие учебници јасно означувала дека во средината на македонското словенско население нараснале силите кои барале самостоен национален развиток. Не е случајно тоа што во историјата дел од македонските учебникари, а и не само тие, влегле во името македонисти. За појавата на македонската национална мисла со ова време сведочи и еден од најмаркантните бугарски преродбеници, поетот Петко Рачов Славејков. Неговите зборови што подолу ги цитираме се и автентично сведочење и карактеристични. Во „Македонија", во бројот од 18 јануари 1871 година, тој меѓу другото пишува:

„Најпосле македонското прашање излезе на јаве и се покажа во печатот. Ние велиме најпосле, зашто тоа прашање не е нова работа. Ние го слушаме уште пред десетина години од некои Македонци. . . Пред една-две години нови разговори со некои Македонци ни покажаа, дека работата не е само голи зборови, туку мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во живот. И жално и тешко ни беше да слушаме такви зборови, зашто работата ни се гледаше доста деликатна, и особено за условите во кои што се наоѓаме сега. Денеска тоа прашање веќе излезе на пазар благодарение на несообразност на еден од нашите собраќа и ние сме веќе принудени, сакале или не сакале, да се јавиме.

Ние пак не сакавме да зборуваме никогаш за ова прашање, ако постоеше во само одделот на учебните книги. . . Многу пати сме слушале од македонистите дека тие не биле Бугари, туку Македонци. . .

Сме слушале и друго основание. Некои македонисти се делат од Бугарите по друга причина, по тоа: што тие се чисти Словени, а Бугарите се Татари и не знам што. . .

Ние сме уверени, дека желбите на македонистите треба да имаат и други основанија, и дека тука се меша малото неравенство меѓу горни и македонски Бугари по број и по напредување. Може македонистите да мислат дека во народните работи ќе борават секојпат горните Бугари како помногубројни и поразбудени и дека Македонците ќе останат на второ место. Тоа значат зборовите на македонистите: се откинавме од Грците (сега) под други ли да паднеме?".

Славејков додава уште, дека „под превезот на јазикот" се криела целта „да се раскине уште несоединетиот наш народ".

Наведовме повеќе мисли од реагирањето на П. Славејков, зашто сите тие најеклатантно ги илустрираат сите позначајни пројави и суштинските побуди во чинот на будењето на македонската национална свест, и тоа веднаш по средината на XIX век. Еден момент пак од Славејковото искажување заслужува посебно внимание: неговото (и не само негово) упорно настојување да се сокрие од јавноста самостојниот македонски национален стремеж, да се премолчи, потисне и бесшумно да се ликвидира. А ако не тоа, тогаш расправијата да се прикаже како домашна, внатрешна работа на еден единствен народ. Системот на заговор на молчење и на искривоколчење претставување, практикувана уште додека историјата се создавала, ќе се применува спрема сé она што било повеќе или помалку јасно изразено како македонско чувство (а така чувствувало огромното мнозинство од нашиот народ) и подоцна, низ целиот XIX век, и дури до наше време. Во наши дни бугарската историографија во доменот на македонското минато, сé повеќе се темели врз еднострaнчиво подбрани и искривоколчено интерпретирани изворни и други материјали. За докажување на својата теза таа понекогаш исклучиво се послужува со извештаите и други материјали, испраќани до Софија од бугарските конзуларни чиновници и егзархиски бирократи. Но, со сето ова сепак не бил задушен македонскиот народ, меѓу другото и главно затоа што неговите историски корења се подлабоки, отколку што тоа, често пати, ни се претставува отстрана.

Што се однесува до таканареченото македонско прашање, со кој термин и во овој краток осврт прв пат се сретнуваме низ искажувањето на Славејков, треба да кажеме дека тоа објективно постоело само за надворешниот свет, за надворешните фактори, кои на некој начин биле заинтересирани за иднината на Македонија, зашто станувало се поочигледно дека таа не ќе може вечно да остане турска провинција. За Македонците ова прашање било од значење главно, за да знаат како во еден или друг момент се расположени кон него други, немакедонски сили. Временски, пак, прашањево, за различните надворешни фактори, се јавувало различно. За бугарската буржоазија, како што убаво забележува Славејков, македонското прашање, се појавило во 60-те години на XIX век, т. е. во она историска пресвртница за Македонците, кога тие ги сториле првите чекори од општословенската, од предходната состојба на народносна или верска, кон појасната национална македонска свест.

Според оваа логика можеме да тврдиме дека за грчката, патријаршиска страна, македонското прашање се појавило порано, иако овде сметаме дека не е неопходно да наведуваме грчки извори, како и независно од тоа што и во овие извори, најчесто од посебни сметки, македонското е представувано за бугарско.

За светот надвор од Балканот, пак, особено за меѓународната дипломатија, македонското прашање — сé некаде до кон 1876—79 г. (Сан-Стефанскиот мир, Берлинскиот конгрес и други слични настани) скоро и не постоело. Тоа прашање дотогаш не се издвојувало од општиот склоп на „источното прашање". Но, во текот на XIX век, како што Турција ги губела една по друга своите европски, национално просторно, нетурски провинции, така и отпаѓале од комплексот на „источното

прашање", прво српското, а потоа грчкото, бугарското, босанско-херцеговското, подоцна и критското, прашање. Едновремено, сé повеќе се издвојувало од „источното", како една од последните остатоци негови, и македонското прашање. По 1879 г. македонското прашање фактички го претставувало единствениот позначаен остаток од комплексот на „источното прашање".

Се разбира, и по ова време македонското прашање продолжило да постои и сé повеќе да се заострува, и тоа не само за големите сили, туку и за соседните балкански монархии, како и за Турција. За балканското работничко и социјалистичко движење, исто така, постоело македонското прашање.

Страхувањата на македонистите од воспоставување на хегемонија на бугарската буржоазија се оправдале и најдобро се потврдиле низ резултатите од заедничката антипатријаршиска борба. Наместо „словенска црква" — или како што некои наши народни сили барале обновување на Охридската архиепископија — во Цариград, во февруари 1870 г., била создадена Егзархијата, како исклучиво бугарска национална црква во рацете на бугарската буржоазија. Посебните сметки на Портата, пак, наложувале Македонија да стане терен на бугарско-грчкиот пропаганден натпревар, кон кој сега се придружувала и српската буржоазија, та затоа по султанскиот ферман, со кој била создадена Егзархијата, во таканаречената Егзархијска област влегла само Велешката епархија. Кому ќе припаднеле понатаму останатите македонски епархии, ќе зависело од резултатите на пропагандната работа и од моментната наклонетост на Портата, која си го зачувувала за себе правото на врховен арбитер во спорот.

Борбата за натамошна еманципација од грчката Патријаршија отсега натаму, и посебно по создавањето на бугарската држава (1879) сé повеќе влегувала во сферата на грчко-бугарскиот, помалку и на српско-бугарскиот одн. српско-грчки антагонизам за хегемонија на Балканот. Пренесена на тој терен и натамошната еманципација на македонскиот народ од елинизмот се покажала болен и долготраен процес, кој не ќе заврши ни до Балканските војни, дури ни подоцна.

Но, воедно, македонското црквено-школско прашање продолжило да се изразува и низ борбата за Охридската архиепископија, манифестирајќи се посебно низ дејноста на митрополитот Теодосиј Скопски во почетокот на 90-тите години. Во исто време прашањето на Македонија — иако третирано на Цариградската амбасадорска конференција во 1876, во Санстефанскиот договор и на Берлинскиот конгрес (1879), — поради тоа што како прашање дошло во компетенција на европските сили, а сосема малку и на балканските влади, и паѓајќи во сложениот сплет на бројни контрадикторни интереси на надворешни сили, останало нерешено.

Периодот по 1870 година до кон крајот на XIX век бил карактеристичен со два основни момента. Прво, вонредно зголемениот повостанички и повоен турски државен притисок предизвикал масовно емигрирање и откинување од теренот на Македонија на веќе дотогаш создадената интелигенција и на други витални народни сили. Тие отишле, главно, во новоослободена Бугарија, а постојано во неа ќе надоаѓаат

нови такви сили, кадешто голем дел од нив ќе сраснат со бирократскиот апарат и со децении ќе и даваат насока на бугарската политика кон Македонија. Второ, се засилила црквената и особено училишната пропаганда на Бугарија, Грција и Србија во Македонија до невидени размери, кои силно ќе удрат по сите самобитни и самостојни македонски институции и обележја (општините, јазикот, името и сл.) Нивната основна содржина на работа ќе биде создавање на интелигенција од средината на македонскиот народ, главно од граѓанството, со силно деформирана национална свест во што, сепак, само делумно и со големи напори ќе успеваат. Турскиот притисок и спомнатото емигрирање и ќе го продлабочат оној општествено-политички вакуум во Македонија, кој и инаку перманентно постоел и што пропагандите доста успешно ќе го исполнуваат. Но, пред самиот крај на XIX век стапува на сцената и една нова генерација на интелигенција, која наскоро, преку новосоздадената ВМРО, ќе ги вовлече во ослободителното движење градските ситносопственички и особено селските маси. Основната цел на ВМРО, изразена низ борбата за извојување одделна, македонска држава на Балканот, по наше мислење, непосредно се наложила од императивната потреба да им се застане на пат на трите балкански пропаганди кои токму во ова време пристапувале и кон први меѓусебни контакти со цел на делба на сфери, што ќе бидат и првите предвесници на подоцнешната вистинска територијална поделба на Македонија. Затоа, за разлика од претходните децении, и основниот удар на македонското ослободително движење ќе биде насочен не веќе против споредниот противник — Патријаршијата и просветните пропаганди, туку против турскиот потисник кој единствено и можел да им дава можности за нивното делување. Со текот на времето, револуционерното движење ќе се изразува сè повеќе и како борба за политичко, национално и културно ослободување. Според тоа, во оваа етапа, македонското ослободително движење си поставило како основна и врховна задача не веќе словенска служба во црквите, учебници и сл., туку одбрана на територијалниот интегритет кој бил загрозен, што се изразувало како борба за македонската држава. Од овој принцип основачите и раководителите на ВМРО не ќе отстапат никогаш — се до нивното конечно физичко уништување во 20-тите години на нашиот век. Бугарската историографија долго шпекулирала со поимот на таканаречениот политички сепаратизам, сакајќи да го откине револуционерното движење од борбата за посебна држава, односно за одбрана на територијалната целост на Македонија, која се поставувала како најнасушна потреба.

Но, останувањето на турскиот систем во Македонија ќе им овозможува и натаму на пропагандите да создаваат нови кадри на национално деформирана интелигенција што не ќе остане без судбоносни последици, особено и нарочно поради фактот што борбените редови на водечките сили на ослободителното движење ќе бидат се повеќе десеткувани, а нивните места ќе ги заземаат опортунистите од таа интелигенција.

Нараснувањето на револуционерното движење ја предизвикало појавата на врховизмот од Бугарија кој со децении ќе внесува демора-

лизација, несогласија, меѓусебни убиства, прогонувања и сл. и со перманентните (а на моменти и помасовни навлегувања) со чети ќе ги предизвикува Портата и европските влади да пристапуваат кон „пацификација" на немирниот терен. Наедно, македонското прашање ќе се поставува повремено пред дипломацијата и пред европската јавност. И ако султанските власти (но до 1903) не преземале драстични мерки за искоренување на ослободителното движење, од вакви мерки тие се воздржувале само од страв да не предизвикаат помасовни немири, што можеле да доведат до интервенција, евентуално и окупација на Македонија, од европски сили — посебно од Австроунгарија. И така, во подготвителниот период на Илинденското востание 1903 година врховистите ќе бидат најопасните и најефикасните противници за нормалниот развиток на ВМРО. Останале во сила и антагонистичките дејства на големите сили, а такви биле и оние на балканските влади. Сите тие спротивности што се вкрстувале во Македонија наоѓале свој израз во фамозното дипломатско статус-кво кое ќе биде нарушено дури со Првата балканска војна. Под знакот на ова статус-кво ќе се одиграат и идните крупни настани: Илинденското востание и Младотурската револуција.

Илинденското востание, чие неподготвено избувнување било забрзано од врховистичката акција во есента 1902 г., уште еднаш и посилно од кога и да е ги кренало во движење сите заинтересирани фактори и сили, но и тоа не успеало да ја измени ситуацијата. Реформните акции, прво онаа од февруари 1903, а потоа и Мирцштегската, само ја зголемиле контролата на европските сили во Македонија за сметка и на штета на султанската власт, но утврдената рамнотежа битно не била изменета. Единствено позитивен елемент од овие реформи било тоа што територијата на Македонија била, на некој начин, со нив разграничена и заокружена од останатите турски балкански територии. Илинден, се пак ја изменил внатрешната положба во Македонија, но на полошо.

Соседните пропаганди веднаш по востанието, не изоставувајќи ги ни црквата, ни школите како средство за делување, се фатиле и за оружјето, преминувајќи кон вооружена интервенција со чети, во борбата за уништување на македонското револуционерно движење, што впрочем поодамна го правеле врховистите. По 1903 година, па се до 30-тите години на нашиот век настапил период на оружени интервенции, во кои тешко можело да се најде македонско семејство што да не дало жртви. Бесниот балкански буржоаски шовинизам на тројцата претенденти за турско наследство, отворајќи му мала, неформална, војна на македонскиот народ, војувал и меѓусебно во Македонија, вовлекувајќи и значителни македонски делови во таа војна.

Во условите на илинденските, поточно на поилинденските настани, настапил и кружокот на познатиот македонски културен работник. К. П. Мисирков, Барајќи настојчиво излез од безизлезот тој ќе направи критички проценки на изминатиот пат во македонското револуционерно движење, поставувајќи го и барањето за целосно внесување на сите национални компоненти во програмите и целите на движењето. Меѓутоа, и Мисирковиот глас не нашол, ниту можел да најде подлога, без соодветна македонска државна организација, која, пак, никако не

ќе покажувала на хоризонтот. Мисирковиот глас сепак останал како моќен патриотски апел што не се уништувал.

Новата етапа во натамошниот развиток на македонското прашање настапила со Младотурската револуција од јули 1908 година. Таа, како оружен чин на прогресивните буржоаски сили на турското општество, ја изразила созреаната внатрешна потреба од преобразби на политичкиот систем на Турција. Но, нејзиното избувнување било забрзано и од новите чекори на Русија, Англија и Австро-Унгарија за натамошно елиминирање на власта на султанските владеачи. Младотурците ги гонеле кон акција и ослободителните напори на Македонците, поради што чинот на Револуцијата дошол и како последица од овие напори. Со воведувањето на уставност, парламент и сл. Младотурците им го одзеле македонското прашање од компентетноста на европските сили — реформатори, правејќи од него исклучиво „свој" и „домашен" проблем. Во новонастаната констелација и македонското ослободително движење (предводено од Сандански и Народната федеративнап артија) го видоизменило основното барање, формулирајќи го сега како барање на обласна самоуправа за Македонија во рамките на реформирана Турција. Инаку, најголемата заслуга на Младотурците била таа што тие, за околу две години, воведе релативен мир во Македонија, од каков што македонскиот народ веќе поодамна чувствувал насушна потреба. Македонските прогресивни сили својата одлучност за решавање на сопственото прашање во рамките на реформирана Турција ја потврдиле и со сопственото учество во оружените антисултански борби во 1909 година.

Младотурските успеси (иако краткотрајни) определувањето на НФП и особено на македонското граѓанство кон барање решение во границите на Турција, потем повторното активирање на „источното прашање" со започнувањето на Италијанско-турската војна во северна Африка есента 1911 година, засилениот австриски притисок врз Србија и целиот Балкан — сето тоа ги принудило балканските монархии да се спогодат и без одлагање, преку една локална војна, да се обидат да го решат македонското прашање во своја корист. Така се стасало до Балканскиот сојуз и до Балканските војни, од кои Македонија ќе излезе и фактички поделена и повторно поробена.

Со цел да се направат внатрешните услови погодни за воена интервенција, балканските влади, а посебно бугарската, го искористиле оправданото незадоволство на македонските и особено на селските народни маси, како и борбената готовност на старите четнички, помалку и револуционерни кадри, со кои го активирале таканаречениот муслимански фанатизам. Ослободителниот стремеж и ентусијазам на Македонците ќе бидат експлоатирани и во текот на воената кампања против Турција. Воопшто речено, низа надворешни и внатрешно-политички услови околу и во Македонија, создале, кон 1912 година, вонредно погодна атмосфера за почнување и изведување на замислената војна, и тоа токму како регионална, балканска војна.

Со почнувањето на серијата од војни (1912—1918) ослободителниот стремеж на македонскиот народ бил потиснат. Турција како балкански фактор-отстранета, а македонското прашање, за разлика од претходните

децении, кога тоа во многу зависело и од ослободителното движење, дошло исклучиво во рацете на балканските монархии, и уште повеќе — на европските сили од двата антагонистички блока, кои пак од него правеле маса за привлекување на една или друга балканска земја кон себе. И по завршувањето на првата светска војна (1918—1919)Македонија останала поделена, македонското прашање — отворено, а македонскиот народ поробен. Но, новите услови ќе предизвикаат и нови ослободителни напори, што ќе бидат носени и од поновите македонски генерации.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Андонов-Полјански, Х. Г., Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1955, т. 8, с. 1—44.
2. Катарџиев, Иван, Серската област (1780—1878). Економски, политички и културен преглед, Скопје, 1961.
3. Конески Блаже, Кон македонската преродба. Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1959.
4. Лапе Љубен, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ II дел, Скопје, 1953 год.
5. Пандевски Манол, Политичките партии и организации во Македонија (1908—1909), Скопје, 1965.
7. Ристовски Блаже, Крсте П. Мисирков (1874—1926). Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мисла, Скопје, 1966.
8. Ташковски Драган, Раѓањето на македонската нација, Скопје, 1966.

*Н. Велјановски*

## ЗА РАЗВИТОКОТ НА АРХИВСКАТА СЛУЖБА ВО МАКЕДОНИЈА

Се навршија полни шеснаесет години од постоењето на Архивот на Македонија, што се поклопува и со шеснаесетгодишнината од постоењето на архивската служба во нашата Република. Во овој период на постоење на архивската служба, и покрај објективните тешкотии, постигнати се такви резултати што со право може да се констатира дека оваа служба го најде своето место во општествениот живот и го оправда своето постоење.

Архивската служба во Македонија е релативно млада. Како организирана служба таа постои од 1951 година. Макар што почетокот за чување архивска граѓа е поврзан за постари датуми, по ослободувањето до 1951 година во Македонија не постоеја самостојни архивски установи. Дури во почетокот на 1951 год. појде до основањето на првата организирана архивска установа — Државната архива на Македонија, а во 1953 година и до основањето на неколку локални историски архиви.

Првата архивска институција за присобирање и обработка на архивската граѓа и документација на територијата на Македонија, формирана е на 28. IX. 1926 година во Скопје. Нејзин директор беше